Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-631/22
23-03-2018 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15, 120/16 и 165/17) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-631/15 од 19.03.2018 г. , Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-631/20 од 21.03.2018 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-631/21 од 21.03.2018 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**02/2018** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Преведувачки услуги**

На основ на Записник од отварање на понуди бр. 05-631/15 од 19.03.2018 г. , Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-631/20 од 21.03.2018 г., Извештај од спроведена постапка бр.05-631/21 од 21.03.2018 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-631/2 од 20.02.2018г., со примена на постапка со Барање за прибирање на понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за Преведувачки услуги се доделува на:

**Друштво за интелектуални услуги ,,СТАР-ДТ,, ДООЕЛ Скопје**
**ул.,,Димитар Миасчиев,, бр.11, Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 7 (седум) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.
- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.
- Понудувачите чии понуди се отфрлени за причините за отфрлање на нивната понуда,со детално образложение зашто понудата е неприфатлива

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:

- Сектор за економско финансиски работи и информатика,
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива